**ОПАСНОСТ**

**Известување на мерките за опасност:**

**H304** Може да предизвика смрт ако се проголта и ако дојде до дишните патишта

**H318** Доведува до тешки оштетувања на очите

**H336** Може да предизвика поспаност и несвестица

**H410** Многу токсично по живиот свет во водата со долготрајни последици

**Известување на мерките за претпазливост**

**P280** Да се носат заштитни ракавици/заштитна облека/заштита за очи/заштита за лице.

**P271** Да се употребува само надвор или во добро проветрен простор.

**P301+P310** АКО СЕ ПРОГОЛТА: Итно да се повика Центарот за контрола на труење или да се побара лекар

**P305+P351+P338** АКО ДОЈДЕ ВО ОЧИ: Внимателно да се испира со вода неколку минути. Да се одстранат контактните леќи доколку постојат и доколку е тоа можно да се стори. Продолжете со испирање

**P312** Да се повика Центарот за контрола на труење или да се побара лекар, ако не се чувствувате добро

**P331** Да не се предизвикува повраќање

**P391** Да се собере излиената течност.

**P501** Содржината/садот да се отстранат кај овластениот собирач или отстранувачот на опасен отпад и отпадни амбалажи.

**Дополнителни информации за опасност:**

**EUH401** За да се спречи ризик за луѓето и животната средина, водете се согласно со упатствата за употреба.

**EUH066** Повеќекратна изложеност може да предизвика сушење или пукање на кожата.

**Дополнителни фрази:**

**SP 1:** Спречете го загадувањето на водата со средството или со неговата амбалажа. Уредот за примена на средството не го чистите во близина на површинските води. Спречете го загадувањето на одводните канали од земјоделските стопанства и патишта.

**SPe 3:** За заштита на водните организми и не-целните растенија треба да се почитува зона од безбедносен појас од 5 метри до водната и неземјоделската површина.

# HARPUN®

## ХАРПУН

**Формулација: Концентрирана емулзија (EC)**

ИНСЕКТИЦИД

**Активна материја:**

**Pyriproxyfen /пирипроксифен** ............ 100 g/L

**CAS br.:** 95737-68-1

**Примена: HARPUN®** е инсектицид со контактно и дигестивно делување за сузбивање на штетници во овоштарството и градинарството.

**Производител и носител на регистрацијата:**

**ГАЛЕНИКА - ФИТОФАРМАЦИЈА а. д.**

Београд-Земун, Батајнички друм бб

тел. 011/ 3072-372

**Застапник и дистрибутер:**

**Хемомак Пестициди ДООЕЛ с. Долно Караслари-Велес**

**ул. Вардарска бр. 5 Долно Караслари, 1400 Велес**

**Р. Македонија**

**Одобрение издадено од МЗШВ, Фитосанитарна управа УП 1 бр.25-245/16 од 09.03.2017год.**

**Датум на производство и број на шаржа:** втиснати на амбалажата.

**Рок на употреба:** 2 години при правилно складирање во оригинална затворена и неоштетена амбалажа.

1L

GALENIKA - FITOFARMACIJA

УПАТСТВО

**ПРВА ПОМОШ И МЕДИЦИНСКИ МЕРКИ ПРИ НЕЗГОДА:**

**Општи мерки:** Настраданото лице треба што побрзо да се тргне од контаминираната област на свеж воздух или на добро проветрена просторија, да се заштити од студ, односно топлина. Треба да му се осигураат основните животни функции. Да се повика лекар и да му се покаже оригиналната амбалажа и/или упатството за потреба на средството.

**При вдишување:** Треба да се водите според општите мерки.

**Допир со кожа:** Треба да се отстрани контаминираната облека и обувки, кожата темелно да се измие со вода и сапун. Во случај на иритација на кожата веднаш да се побара лекарска помош. Пред повторна употреба работната облека треба да се испере.

**Допир со очите:** Со палецот и показалецот да се отворат очните капаци и очите да се мијат со чиста вода барем 15 минути. Доколку е можно и доколку лицето носи контактни леќи, извадете му ги. Доколку иритацијата не престане, потребно е да се советувате со лекар или очен лекар.

**При голтање:** Устата да се измие со вода, настраданото лице да испие 2 dL вода. Веднаш да се повика лекар. Да не се предизвикува повраќање. На лице со нарушена свест не смее да му се дава ништо да пие, ниту да се предизвикува повраќање. Доколку е можно на лекарот да му се приложи упатството за употреба на средството.

**Упатства за лекарот:** Потребно е да се обезбедат и одржуваат основните животни функции. Лечењето е симптоматско и помошно. Специфичен противотров не е познат.

**УСЛОВИ ЗА СКЛАДИРАЊЕ:** Средството да се складира во добро затворена амбалажа, со оригинална етикета, на суво и ладно место, во посебна просторија, одвоено од храна, пијалоци и крмила, како и други производи, недостапно за деца, неинформирани лица и недостапно за животни. Соодветна температура за складирање е меѓу 5ºC и 30ºC. Средството да не се претура во друга амбалажа, ниту садови од коишто се пие, односно во коишто се чува храна.

8 605020 812095

**УПОТРЕБА**

**HARPUN®** е инсектицид кој има овицидно и ларвицидно дејство, кој го спречува развојот на инсектите во почетните фази. Во растенијата се пренесува трансламинарно. Средството има непосреден ефект врз возрасните инсекти, го спречува пилењето на ларвите од јајцата што ги положиле третираните женки.

Се користи:

**- Во <u>домати и краставици</u>**, одгледувани во затворени простории, за сузбивање оранжериска белокрилка (***Trialeurodes vaporariorum*** **Westw) во доза 75 mL од средството на 100 L вода, со потрошувачка на вода од 1000 до 1500 L/ha најголемата доза од едно третирање не смее да ја премине дозата од 1,125 L од средството на хектар.** Средството може да се користи најмногу двапати во текот на вегетацијата, во интервал од 10 до 14 дена. Првото третирање се врши кога на растенијата ќе се забележат првите возрасни форми на штетниот инсект.

**- Во <u>јаболка</u>** за намалување на бројноста на популацијата на **јаболковиот црв *(Cydia pomonella)* во доза од 1 L/ha со потрошувачка на вода од 600 до 1000 L/ha.** Инсектицидот на иста површина во текот на вегетацијата може да се користи најмногу два пати, во интервал од 7 до 10 дена. Инсектицидот делува само на јајцата, затоа третирањето да се изврши во период кога женките на јаболковиот црв ќе полагаат јајца, во фенолошките фази: после цветање на јаболката, плодови со големина од 10 mm; проредување на плодови до фаза кога дијаметарот на плодовите е поголем од 40 mm (BBCH 71-74).

**- Во <u>круши</u>** за намалување на бројноста на популацијата на **крушкова болва *(Cacopsylla pyricola)* во доза од 1 L/ha со потрошувачка на вода од 600 до 1000 L/ha.** Инсектицидот на иста површина во текот на вегетацијата може да се употреби најмногу еднаш. Делува на ларвите во стадиумите L1 до L3, затоа третирањето да се изврши во период на пилење на ларвите, односно најдоцна кога ќе бидат во стадиум L3. Третирањето е дозволено во период кога крушите се во фенолошка фаза на бабрење на пупките, до фаза кога плодот ја достигнал половина од крајната големина (BBCH 51-75).

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:** Поради специфичниот начин на дејствување на средството **HARPUN®**, потребно е времето на употреба на средството да се прилагоди на развојниот стадиум на штетните инсекти.

**АНТИРЕЗИСТЕНТНА СТРАТЕГИЈА:** Средството **HARPUN®** содржи активна супстанција *pyriproxyfen (пирипроксифен)*, која што поради начинот на дејствување е класифицирана во групата на инхибитори на јувенилниот хормон. Постои ризик од развивање резистентност кај инсектите на инсектицидите од ова група, доколку средството **HARPUN®** се употребува без никакви ограничувања. При употреба на инсектициди на база на активната материја *pyriproxyfen (пирипроксифен)* потребно е да се почитуваат општите начела за антирезистентна стратегија и ограничување на бројот на третирања. Затоа се дозволени најмногу две третирања со инсектициди на база на активната материја *pyriproxyfen (пирипроксифен)* во една сезона, а во заштитени простории, исто се дозволени најмногу две третирања во една година.

**ФИТОТОКСИЧНОСТ:** Средството употребено согласно со инструкциите за употреба, не е фитотоксично за земјоделските култури.

**КАРЕНЦА:** Каренцата за јаболка и круши е утврдена со периодот на употреба.

Каренцата за краставица и домат е 3 дена.

**ГРАНИЧНА ВРЕДНОСТ ЗА ОСТАТОЦИ:** Гранични вредности за остатоци во, односно на животни и земјоделски култури за активната материја пиропроксифен се во согласност со прописите за менување на вредноста од остатоци во, односно на животни и земјоделски култури.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊА:** Во случај, кога за опрашување се користат пчели, потребно е да се затворат пчеларниците.

При третирање потребно е да се спречи загадување на реки, бунари, езера и извори, така што ќе се почитуваат прописите од областа за заштита на водата. Заради заштита на водните организми при третирање на јаболка и круши треба да се придржува до нетретираниот безбедносен појас од 30 m хоризонтална ширина од крајбрежната граница од прв и втор ред.

**ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА:** При ракување со концентрираното средство, при мешање на смесата за распрскување, при полнење и чистење на резервоарот работникот мора да користи соодветни, заштитни (нитрилни) ракавици. Со концентратот смее да се ракува само надвор или во добро проветрена просторија.

За време на третирање со рачна грбна прскалка во заштитени простории (стакленици, оранжерии) работникот мора да користи соодветни, заштитни (нитрилни) ракавици и заштита за дишење.

При допир со третирани растенија работникот мора да користи соодветна работка облека (долги пантолони, маица со долги ракави).

**РАБОТНА КАРЕНЦА:** Пристап на третирана површина е дозволен откако депозитот од распрсканата смеса на третираните растенија целосно ќе се исуши.

**ПОДГОТОВКА НА СРЕДСТВОТО ЗА УПОТРЕБА:** Дозираната количина од средството при постојано мешање се додава во резервоарот на прскалката, којшто до половина е наполнета со чиста вода. При непрекинато мешање се дополнува резервоарот со потребната количина чиста вода.

**УПАТСТВО ЗА РАКУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА РАЗЛЕВАЊЕ:**

Пред влегување во контаминираниот простор да се облече заштитна опрема (гумени чизми, заштитна облека, заштитни ракавици) и да се стави полумаска или целосна маска за дишење со филтер против прав.

При разлевање потребно е разлиената смеса да се посипе со материјали за впивање (на пр. песок, дијатомејска земја, врзливо средство за киселини, универзалн врзувач, пилевина). Оштетената амбалажа и впиената смеса треба механички да се соберат и да се префрлат во соодветни садови што може добро да се затворат. Контаминираната површина добро да се измие со вода и детергент. Отпадната вода да се собере и складира во соодветни садови за опасни отпадоци. Во случај на разлевање на поголеми количини од средството или подготвената смеса за прскање, треба да се прегради местото на разлевањето со помош на песочни брани и прегради. Разлиената смеса да се собере и складира во соодветна амбалажа. Садовите добро да се затворат, правилно да се означат и да се чуваат во светли простории кај овластеното претпријатие за уништување индустриски отпад.

**Пожар**

Во случај на пожар, го гасиме со CO2, со распрскувачка вода, со алкохолна отпорна пена или со суви средства за гасење. Да се користат заштитни средства за дишните органи (автономен апарат за дишење со отворен круг со довод од компресиран воздух или цевчест апарат за дишење за вдишување свеж воздух). Да се носи целосна заштитна опрема. По чистењето да се соблече контаминираната облека и заштитната опрема, а кожата да се измие со вода и сапун.

**Разлевање на отворено**

Покрај горенаведените мерки, треба да се спречи допир на средството во подлабоките слоеви на земјата со поставување на песочни брани и со копање канали. Да не се излева во канализација, во површински води и подземни води.

**Транспорт**

Да се исклучи моторот на возилото, односно отворен оган. Да не се пуши. Да се обезбеди местото на несреќата и да се предупредат останатите учесници во несреќата. Оштетената амбалажа да се одвои од неоштетената со задолжително користење на заштитна опрема.

**РАКУВАЊЕ СО ОСТАТОЦИ ОД СРЕДСТВОТО И АМБАЛАЖАТА:** Корисникот мора празната амбалажа, остатоците од неискористеното средство или средството на коешто му истекол рокот за употреба, да ја предаде на овластениот собирач или отстранувач за опасни отпадоци. Мора да се постапува во согласност со законската регулатива, што ја уредува областа за управување со опасни отпадоци и за ракување со амбалажа и отпадна амбалажа.

Испразнетата амбалажа најмалку трипати да се измие со вода. Течноста од одмивањето да се излие во прскалката. Празната амбалажа никогаш повторно да не се користи. Остатокот од средството да се чува во оригинална, означена амбалажа. Во случај кога потрошувачот, осносно крајниот корисник ќе престане да се занимава со одгледување растенија, остатоците од средството и амбалажата при професионална употреба (поголеми корисници) се остава на продажно место за фитофармацестки средства (ФФС).

**ЧИСТЕЊЕ НА АПАРАТОТ ЗА ПРСКАЊЕ:** По користење на средството HARPUN® да се испразни резервоарот и системот целосно да се исуши. Резервоарот, цевките, вентилите и филтерот добро да се измијат со чиста вода. Откако ќе се исушат постапката на плакнење двапати да се повтори.

HARPUN®